Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 34, 1 февруари 2010 година

февруари 2010 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област производно инженерство на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2802-49/3 од 13.10.2009 год., донесена на 11. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 13.10.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден асистент на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник”, на 1.10. 2009 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката **м-р Александра Ристеска**.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **Александра Ристеска** е родена на 28 декември 1985 година во Прилеп. Основно и средно образование (гимназија – математичка насока) со континуиран одличен успех 5,0 има завршено во родното место. Во 2004 година се запишува на Пловдивски универзитет „Паисиј Хилендарски“, Факултет по математика и информатика во Пловдив, на насока **Математика**, а дипломира во 2008 година со висок просечен успех (9,64).

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии на Пловдивски универзитет „Паисиј Хилендарски“, Факултет по математика и информатика во Пловдив, на насока **Применета математика**. Сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии ги положува со просечен успех 10,0. Магистерскиот труд со наслов *„Варијации и некои примени на варијационо сметање“* го одбранува на 7 јули 2009 година и се стекнува со академски степен **магистер по применета математика**.

Од септември 2009 година волонтира на Технолошко-техничкиот факултет и други технички факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Покрај ангажирањето околу постдипломските студии, таа во изминатиот период беше вклучена како демонстратор на Пловдивскиот универзитет „Паисиј Хилендарски“ на Факултетот по математика и информатика во Пловдив, по предметите: Математичка анализа, Функционална анализа и Комплексна анализа.

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Александра Ристеска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби по предметите: МАТЕМАТИЧКА АНАЛИЗА, ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА и КОМПЛЕКСНА АНАЛИЗА | 11 | 0,2 | **2.2** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска теза | 1 | 8 | **8** |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| **ВКУПНО** | **10,2** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следниве поени, кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- наставно-образовна (НО) = 2,2
- научноистажувачка (НИ) = 8
- стручно-апликативна (СУ) = 0
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 0
- вкупно (НО + НИ + СУ + САОР = **10,2** поени).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на школувањето и како демонстратор на Пловдивскиот универзитет „Паисиј Хилендарски“, Факултет по математика и информатика во Пловдив, целокупната активност која е поврзана со областа на применетата математика и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност во наставата, може да се заклучи дека се работи за сериозна кандидатка со потенцијал за иден наставно-научен работник.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката м-р Александра Ристеска ги исполнува критериумите за избор во помлад асистент. Таа покажува способност за наставно-образовна (НО) и научноистражувачка (НИ) активност, при што се констатира дека таа може да биде избрана во соработничко звање (10,2 поени).

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката м-р Александра Ристеска да биде избрана во **помлад асистент** за наставно-научните области ***математика, применета математика и математичко моделирање.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Јордан Живановиќ, вонреден професор с.р.**
**Д-р Татјана Атанасовска - Пачемска, доцент с.р.**
**Д-р Лидија Горачинова - Илиева, доцент с.р.**